ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-164/8**

**Дата: 15.12.2010**

**ДО**

**ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Основното училиште „Јан Амос Коменски“ – Скопје (во понатамошниот текст ОУ „Јан Амос Коменски“) - сметка на расходи на буџет на дотации, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека ОУ „Јан Амос Коменски“ не ги евидентира обврските кон добавувачите во моментот на нивното доспевање и не е воведена книга на капитален имот, книга на влезни и излезни фактури како и материјална евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар. Училиштето не извршило пререгистрација во општинско основно училиште, а сопственоста на имотот не е пренесена на општината. За три извршени набавки од мала вредност не е спроведена соодветна постапка согласно Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во ОУ „Јан Амос Коменски“ ревизијата препорачува да се обезбеди целосна и навремена евиденција на сите билансни позиции, да се изврши пререгистрација на училиштето и пренос на сопственоста на општина Карпош, како и да се применат утврдените постапки предвидени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на ОУ „Јан Амос Коменски“- сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОУ „Јан Амос Коменски“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Маја Старова, директор од 29.01.2004 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОУ „Јан Амос Коменски“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.10.2010 до 23.10.2010 кај ОУ „Јан Амос Коменски“од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 20.10.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-164/3 од 29.10.2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 Одговорните лица во ОУ „Јан Амос Коменски“ немаат подготвено и доставено на дел од вработените договори за вработување ажурирани со одредбите наведени во член 28 од Законот за работни односи. Со оглед на тоа дека погоре наведениот член од Законот за работни односи содржи одредби од големо значење за прецизно регулирање на работниот однос, неажурирањето на договорите како формален правен акт создава несигурност во остварувањето на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот.

**Препорака**
Одговорните служби во ОУ „Јан Амос Коменски“ да извршат подготовка на нови договори за вработување и истите да се достават до вработените.

3.1.2 ОУ „Јан Амос Коменски“ не извршило пререгистрација на училиштето во судскиот регистар како општинско основно училиште во согласност со член 7 од Одлуката за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и пренесување на правото на сопственоста на објектите, а сопственоста на имотот не е пренесена на општината во согласнос со член 4 од горенаведената Одлука.

**Препорака**
ОУ „Јан Амос Коменски“ да изврши пререгистрација, а општината Карпош да ја пренесе сопственоста на имотот од централно на локално ниво применувајки ја Одлуката на Владата од 2005 година.

### 3.2 Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

3.2.1 Со извршените детални тестирања на соодветните позиции во Билансот на состојбата ги утврдивме следниве состојби:

- ОУ „Јан Амос Коменски“ сметководствено не ги евидентира обврските кон добавувачите во моментот на нивното настанување, односно истите се евидентираат на крајот на годината на соодветните билансни позиции што не е во согласност со член 2 и член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

- Не е воспоставена евиденција на капиталниот имот и книга на влезни и излезни фактури во согласност со член 8 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Поради ова во текот на годината одговорните лица во училиштето немаат увид во точниот износ на доспеаните обврски, а ваквата пракса може да има за ефект нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи и судски спорови со добавувачите.

**Препорака**

Одговорниот сметководител да изврши целосно и навремено евидентирање во сметководствената евиденција на сите влезни фактури, да обезбеди целосна, точна, објективна и навремена евиденција на соодветните позиции во Билансот на состојба и да започне со водење на задолжителните деловни книги.

3.2.2 Училиштето има извршено набавки на материјали за административно работење, хигиенски материјали и ситен инвентар за одржување на училиштето кои согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници целосно не се евидентирани во сметководствената евиденција на соодветните конта за залихи. Најчеста пракса е при приемот на материјалите истите да се стават во употреба, иако сите количини не можат веднаш да се потрошат. ОУ „Јан Амос Коменски“ нема воспоставено материјална евиденција на набавените материјали и ситен инвентар, што упатува на необезбедена материјална одговорност од лицата кое ракуваат со нив. Ваквата пракса придонесува одговорните лица во училиштето да немаат точен податок за видот и количеството на материјали кој ги поседува училиштето, што го оневозможува планирањето на идните набавки според реалните потреби, создава ризик од нерационално користење на средствата и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбата на материјалите и ситниот инвентар на залиха и во употреба.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да воспостават материјална евиденција врз приемот и издавањето на залихите на материјали и ситен инвентар и да се изврши материјално задолжување на лицата одговорни за магацинското работење.

## 3.3 Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

3.3.1 Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на улилиштето за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу

економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Од извршениот увид ги утврдивме следните недостатоци:

- ОУ „Јан Амос Коменски“ за 2009 година не подготвило план за јавни набавки како што е предвидено со член 26 од Законот за јавни набавки;
- За спроведените набавки за ситен инвентар, канцелариски материјали и осигурување на градежен објект во вкупен износ од 184 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки со прибирање на понуди без објавување на оглас во согласност со членот 100 од Законот за јавни набавки.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**

Стручните служби во ОУ „Јан Амос Коменски“ да обезбедат навремено и транспарентно спроведување на постапките за сите извршени набавки во текот на годината.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките во точката 3.2.1 и 3.2.2 кои се однесуваат на неправилности во евидентирањето на доспеаните обврски и невоспоставената материјална евиденција на набавените материјали и ситен инвентар ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2.1 и 3.2.2, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОУ „Јан Амос Коменски“ - сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2009 година и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точките 3.1, 3.2. и 3.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОУ „Јан Амос Коменски“ - сметка на расходи на буџет на дотации, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Финансирањето на дејноста на основното образование се врши преку распределба на блок и наменски дотации до општините од страна на Министерството за образование и наука. Советот на општина Карпош во својство на основач на ОУ „Јан Амос Коменски“ нема утврдено мерила и критериуми за распределба на овие дотации до општинските основни училишта, што не е во согласност со член 166 од Законот за основно образование. Ваквиот начин на работа не дава уверување дека распределбата на средствата се врши во согласност со реалните потреби на училиштата и создава ризик за акумулирање на обврските и нееднаков третман на корисниците.

За надминување на ваквата состојба потребно е Советот на општина Карпош да донесе метотологија за транспарентна распределба на блок и наменските дотации до општинските основни училишта притоа почитувајќи ги реалните потреби од средства за квалитетно извршување на наставниот процес.

Скопје, 10.12.2010 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 21.233 | 19.864 |
| **Вкупно приходи** | **21.233** | **19.864** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 18.471 | 16.820 |
| Стоки и услуги | 2.762 | 3.044 |
| **Вкупно тековни расходи** | **21.233** | **19.864** |
| **Вкупно расходи** | **21.233** | **19.864** |
| **Непокриени расходи** | **0** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 0 | 1.367 |
| Активни временски разграничувања | 1.613 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.613** | **1.367** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 16.486 | 13.802 |
| **Вкупно постојани средства** | **16.486** | **13.802** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **18.099** | **15.169** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.613 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 1.367 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.613** | **1.367** |
| | | |
| Извори на капитални средства | 16.486 | 13.802 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **16.486** | **13.802** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **18.099** | **15.169** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **13.802** | **13.802** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **3.548** | **3.548** |
| Набавки | 2.920 | **2.920** |
| Ревалоризација на капитални средства | 505 | **505** |
| Останато зголемување | 123 | **123** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **864** | **864** |
| Расход по попис | 14 | **14** |
| Амортизација | 850 | **850** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **16.486** | **16.486** |